Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), а во согласност со член 22, став 1, точка 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008...120/2018), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време и тоа:

1. **Хигиеничар**, одделение за општи и архивски работи, сектор за општи и правни работи

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
   - ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование и
   - работно искуство: со или без работно искуство во струката;

   Просечна месечна нето плата: приближно 14.791,00 денари.

Секој од кандидатите за работното место, покрај наведените услови, треба да ги исполнува и општите услови за вработување и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Полното работно време на работникот изнесува 40 часа неделно, а во текот на работниот ден трае 8 часа и тоа со почеток меѓу 07:30 и 08:30 часот и крај меѓу 15:30 и 16.30 часот.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**Потребни документи за аплицирање:**

- уверение за завршено соодветно образвование (копија),
- уверение за државјанство (копија),
- лекарско уверение (оригинал) и
- потврда дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (оригинал).

Документите е потребно да бидат испратени во затворен коверт на кој ќе пишува „оглас за вработување“ на следната адреса:
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**бул. 3-та Македонска бригада број 20 (зграда на Македонија табак, блок Ц),**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

или да се доставаат лично во Писарницата на Агенцијата.

**Краен рок за поднесување на документи е 5 (пет) дена од денот на објавувањето на овој оглас.**

Изборот на лице кое ќе заснова работен однос на неопределено време во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе се изврши во рок од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување.

Напомена: Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните услови и имаат уредна документација ќе бидат контактирани.

**Контакт тел. 02 2445 850**
**е-пошта:** ipardpa.info@ipardpa.gov.mk